APPLE TREE
WOMEN'S EMPOWERMENT

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

### на Здружението за унапредување, поддршка и одржлив развој на жените ЕПЛ ТРИ

## ВОВЕД

ЕПЛ ТРИ е локална невладина организација посветена на зајакнување на општата свест за важноста на жените во општеството, нивниот напредок, охрабрување и креативно изразување. Нашиот примарен фокус е развивање и унапредување на претприемачките вештини кај жените, а истовремено обезбедувајќи поддршка за проширување на нивните можности во полето на бизнис. Преку нашите активности, имаме за цел да ја зајакнеме самодовербата на жените и да го поттикнеме нивното активно учество во донесувањето клучни и општествено одговорни одлуки, земајќи ги предвид нивните уникатни околности, потреби и предизвици. Со поттикнување на соработката меѓу жените и од урбаните и од руралните области, нашата организација работи на премостување на постојниот дискриминаторски јаз меѓу нив.



**АКТИВНОСТИ**

---

## Проект „Глас и ехо –креирање подобри услови за родово одговорно буџетирање во општина Чаир“

*Јавна дебата на тема „Предзвиците на малите формални и неформални бизниси во општина Чаир од родова перспектива“*



Надебатата се обратија градоначалникот на општина Чаир г-дин Висар Ганиу, Претседателката на Комисијата за еднакви можности и членка на Советот г-ѓа Севим Хоџа и Координаторката за еднакви можности г-ѓа Авуше Маца кои дадоа поддршка и истакнаа дека ќе продолжат да работат на зајакнување на родовата еднаквост во општината Чаир. На јавната дебата учествуваа жени сопственички на мали формални и неформални бизниси од општина Чаир кои ги искажаа своите предизвиците, а претставниците од локалната самоуправа, со поддршка од нашите подгрантисти и локалниот граѓански сектор, во наредниот период се заложија да обезбедат: евидентирање на малите формални и неформални бизниси водени од жени на

територија на општина Чаир, изработка на Програма и мерки за субвенционирање на жените кои сакаат да ги формализираат сопствените бизниси и одржливост на постоечките, основање на Совет на женско претприемништво во Чаир каде ќе се споделуваат искуствата и разрешуваат предизвиците, производите кои што ги изработуваат жените ќе се пласираат и промовираат на Саем за рачни изработки во општина Чаир.

*Обуки за „Родово одговорно буџетирање“*




Здружението за напредок, поддршка и одржлив развој на жени ЕПЛ ТРИ од Скопје, кое го имплементира проекотот „Глас и ехо – креирање подобри услови за родово одговорно буџетирање во општина Чаир“, во рамки на ЕУ проектот„Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“, на 16 и 17.05.2023 организираше и со успех реализира две обуки за родово одговорно буџетирање. Обуките се одржаа во просториите на Општина Чаир. Воедно се основаше и меѓуресорна работна група, чии членови се претставници од општината, други засегнати институции и организации, како и од НВО и бизнис секторот од општина Чаир, преку чија работа се предвидува

поднесување и реализација на иницијативи, во рамки на проектната акцијата која здружението ЕПЛ ТРИ тековно ја имплементира.

*Работилници за Родово одговорно буџетирање*



Овие две работилница означуват значајна пресвртница во нашите напори да создадеме подобри услови за постигнување родово одговорно буџетирање на локално ниво. На работилниците учествуваа учесници од различни сектори кои се посветени на унапредување на родовата еднаквост и инклузивност во процесите на буџетирање. Во текот на целиот настан, имаше интересни дискусии, споделување на добри практики и пронаоѓање на иновативни пристапи за обезбедување на поправедна распределба на ресурсите.

*Работни состаноци на Меѓуресорска работна група*




Ова година одржавме четири работни состаноци на Меѓуресорска работна група посветена на дискусија и истражување на потенцијалните иницијативи за следниот период во рамките на активностите кои ги спроведува нашето здружение, ЕПЛ ТРИ. За време на состаноците беше поттикнатата дискусија за потенцијални иницијативи и идеи во полето на родово одговорно буџетирање. Иницијатива која произлезе од денешниот работен состанок е токму обезбедувањето на бесплатни менструални производи во училиштата.Бесплатни менструални производи во училиштата имаат за цел да ја елиминираат менструалната сиромаштија, и да обезбедат секој ученик да се фокусира на своето образование без непотребни оптоварувања.

*Женски базар*




Женскиот базар“ беше прослава на женскиот талент, креативноста и претприемништвото. Бевме сведоци на локални жени претприемачи кои ги прикажаа своите уникатни производи, таленти и приказни, создавајќи жив пазар што навистина го одразува духот на нашата заедница. Овој настан не беше само за купување на рачни изработки, туку многу повеќе. Преку зајакнување на жените, ние градиме посветла иднина за сите. Срдечна благодарност до сите што го направија овој настан неверојатен успех! Вашиот ентузијазам и поддршка го отворија патот за повеќе иницијативи кои ги зајакнуваат жените во нашата заедница

*Последен состанок*



Горди сме што преку овој проект постигнавме одлични резултати и создадовме позивитно влијание во нашата заедница, особено на полето на родово одгвоорно буџетирање. Ја изразуваме нашата срдечна благодарност до Center for Research and Policy Making за нивната доверба и поддршка што го овозможија овој проект. Исто така, сакаме да ја изразиме нашата длабока благодарност до Општина Чаир за нивната извонредна

отвореност и посветеност да учествуваат во нашиот проект. Заедно, направивме чекор поблиску да ја направиме нашата заедница подобро место за сите.

**Проект „Креирање работна средина во општина Чаир"**

*Работен состанок*



На 7 јуни ЕПЛ ТРИ организираше работен состанок за проектот „Креирање работна средина во општина Чаир" поддржан од European Endowment for Democracy, чиј фокус е создавање позитивна работна средина во општина Чаир. За време на состанокот, разговаравме за стратегии за поттикнување на работна средина која промовира соработка, инклузивност и благосостојба на вработените. Истражувавме иновативни пристапи за подобрување на комуникациските канали, поттикнување тимска работа и имплементација на политики кои даваат приоритет на среќата и растот на нашите членовите на тимот.

APPLE TREE
WOMEN'S EMPOWERMENT

*Консулативни сесии за зајакнување, инспирација за раст*




Во ЕПЛ ТРИ веруваме во градење на работното место каде што различностите напредуваат и секој глас се слуша. Нашите инклузивни политики и програми за менторство поддржуваат професионален раст за секого. Нашата посветеност на различноста и вклученоста формира работно место кое поттикнува раст и еднаквост. Истражете ги нашите стратегии погодни за зајакнување, програмите за менторство и успешните приказни. Овие сесии беа достапни секој ден во канцеларијата на ЕПЛ ТРИ.

*Промотивен настан*



Овој настан се одржа во  срцето на нашата заедница во близина на канцелариите на ЕПЛ ТРИ и општина Чаир. Настанот беше од отворен тип, и убавата атмосфера ги поттикна жителките на општина Чаир да дојдат и подобро да се запознаат со целите и активностите на проектот, но и со мисијата и визијата на нашето здружение. Дополнително, настанот имаше и додадена вредност на вмрежување овозможувајќи жените и девојките да се запознаат со преставнички од општината и да разменат мислење,интереси и препораки.

**Проект „Зајакнати жени –  Отпорно општество“**

*Прв почетен состанок*




ЕПЛ ТРИ се гордее што на 17 октомври го одржа првиот почетен состанок за проектот „Зајакнати жени –  Отпорно општество“. Заедно, го правиме првиот чекор кон зајакнување на жените и градење на поотпорно општество.

*Работилница „Управување со конфликти“*



Funded by the European Union   ЕУ ТЕБЕ   EU for Civil Resilience   APPLE TREE

Работилница за управување со конфликти од серијалот на работилници чија цел е зајакнување на жени во нашата заедница. Работилницата беше успешна, обединувајќи разновидна група жени желни да ги подобрат своите вештини за навигација и решавање на конфликти. Преку презентации и интерективни вежби обезбедивме вредни сознанија и практични стратегии и ги поттикнавме нашите учеснички да се соочат со предизвици! Оваа работилница не е само за справување со конфликтите; се работи за зајакнување на жените да напредуваат во различни аспекти од нивниот живот.

APPLE TREE
WOMEN'S EMPOWERMENT

*Работилница „Комуникациски вештини“*




Во свет каде ефективната комуникација е клучна, овој петок заедно со нашите учеснички работиме на зајакнување на гласовите на жените! Зголемување на самодовербата, градење на трајна врски, навигација на предизвици и напредување во кариерата се само дел од придобивките кога зборуваме за развивање и зајакнување на комуникациски вештини. Тимот на ЕПЛ ТРИ останува доследен на својата мисија, и работи на зајакнување на способноста на жените да комуницираат самоуверено и ефективно, без разлика дали е тоа на нивното работно место или во социјални средини.

*Работилница „Јакнење на кариерата“*




Ја одржуваме третата од циклусот на четири работилници за зајакнување на жени. Денес зборувавме на тема Јакнење на кариера со нашите учеснички. Нашата работилница нуди сеопфатен пристап за професионален развој на жените.
Од подобрување на вештините и можностите за вмрежување до поставување цели и стратегии за рамнотежа помеѓу работата и животот. Споделивме практични сознанија за пишување биографија, интервју и свесност за инклузивност.
Заедно работиме на зајакнување на вашата кариера денес – време е да го прифатите вашиот целосен професионален потенцијал!

*Работилница „Правно советување за жени“*




Funded by the European Union ЕУ за ТЕБЕ EU for Civil Resilience APPLE TREE

Правното советување е важен процес кој ги овластува поединците, особено жените преку обезбедување на сеопфатно знаење за нивните законски права и опции. Го олеснува пристапот до правдата, нудејќи приспособени совети за решавање на конфликтите преку преговарање или правна акција кога е потребно. Со разјаснување на законските права, демистифицирање на сложените правни процеси и нудење емоционална поддршка, правното советување придонесува за градење доверба и обезбедување дека поединците можат да се движат низ правниот систем со разбирање и издржливост. Со нашите учеснички беше споделена и публикацијата „Правна заштита за жени“, која вклучува информации за бесплатна правна помош, заштита на жени од родово базирано насилство, работнички права и многу повеќе!

*Завршен настан*



Тимот на ЕПЛ ТРИ е горд што преку овој настан ја заокруживме приказната на овој проект во чиј центар беше зајакнување и унапредување на жените од нашата заедница. Со учесниците на настанот беа споделени дел од досегашните активности и резултати, кој се доказ за нашата досегашна работа.

Приказната и активностите на ЕПЛ ТРИ не завршуваат тука, ние продолжуваме да работиме на креирање отпорни општества преку зајакнување и афирмирање на улогата на жените во нашата држава!

APPLE TREE
WOMEN'S EMPOWERMENT

**Активно учество на национални и меѓународни настани**

- Учество на Програма за инкубација
- Предавања во рамките на проектот „Вклучување на жените од обесправените групи во климатско паметно претприемништво и иновации“
- Учество во дискусија на тркалезна маса Contribution of the Youth to digital economy space in Africa
- Обука на тема "Presentation skills“ со Phd (c) Neroida Selimi"
- Работилница за Препознавање и преземање на претприемачи, активности на градење на економски потенцијал предавач Сергеј Зафировски
- Обуката Економска писменост за стартапи со тренер Орхан Цека
- Работен состанок со невладина организација за развој на образование Koreni Education Development
- Обука „ Basic Finances and KPIs " со професор Неби Џемали
- Работен состанок со менаџерката на компанијата Family Clinic Servis
- Bootcamp Impact Measurement for Social Entrepreneurs
- Обуката „Програмата за дигитален активизам“ организирана од Метаморфозис
- Камп Young Life Camp организиран од Young Life
- Информативна сесија за Оперативниот грант за Smart Balkans организирана од Центарот за истражување и креирање политики
- Настан „10 години поддржување на демократија“ European Endowment for Democracy
- Трет саем за социјално претприемништво во организација на Центарот на социјални претпријатија
- Обука за заштита на лични податоци - „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“
- Обука Програмата за дигитален активизам од Метаморфозис
- Форумот за родово одговорно буџетирање - Going Glocal: Gender Responsive Budgeting за Западен Балкан и Молдавија
- Онлајн вебинар „Консултации за правната рамка за сметководство за граѓанските организации во Република Северна Македонија“
- Работилница “Фриленсирај ја твојата кариера до прв клиент”
- Вебинар Personal Branding